Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак _____
Рок на чување: _____ год.
_____ 20 __ год
Потпис

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗА 2021 ГОДИНА

Дел. бр. 57-10619/ 2

Сабина Синан
[име и презиме]

Датум: 13.11.2020 г.

Раководител на Сектор-главен инспектор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

Место: Скопје (м.п.)

С. Синан
[потпис]

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

ГОДИШЕН ПЛАН
ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗА 2021 ГОДИНА

Резиме

Врз основа на член 31 став (4) ал. 2 и член 33 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), и Правилникот за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба („Сл. весник на Република Северна Македонија“ 238/19), раководителот на инспекциската служба донесе Годишен план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за 2021 година, којшто во законски предвидениот рок, најдоцна до 15. ноември, ќе биде доставен на согласност до Инспекцискиот совет на РСМ, во електронска и хартиена форма согласно со Закон.

Дел. бр. **57-10619/**

Сабина Синан
[име и презиме]

Датум: **13.11.2020 г.**

Раководител на Сектор-главен инспектор
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

Место: **Скопје** (м.п.)

[потпис]

Анализа на ризици

Во изминатиот временски период, државата и граѓаните на РСМ беа и се уште се соочени со големите предизвици и последици од здравствен, економски и социјален аспект, настанати од болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС). Оттука, имајќи ги предвид заклучоците, препораките и мерките донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија, во периодот од м. јуни до август 2020 година, за што беше прогласена и воднредна состојба во државата, како и на крајот од м. октомври, 2020 година, а со цел превенција од внесување и ширење на болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), во Министерството за култура, вклучително и во Секторот за управен и инспекциски надзор и во Секторот за нормативно-управни работи и за АПСП на МК работата беше организирана во смени. Дел од субјектите на надзорот, особено национални и локални установи од областа на културата, но и други правни и физички лица, исто така беа опфатени со превентивните мерки на Владата на РСМ (забелешка: ослободување од работа на посебни категории: бремени жени, мајки со деца до 10 годишна возраст и деца со предучилишна возраст/градинки и хронично болните, работа во смени или времено затворање на субјекти, работа под посебен режим/протокол, ...).

Врз основа на **Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзори врз основа на проценката на ризик** („Сл. весник на РСМ“ бр. 247/19), донесен од Инспекцискиот совет согласно со член 32 став (9) од новиот Закон за инспекциски надзор, соодветното упатство/насоки од Инспекцискиот совет, како и по воведувањето на „**информациски систем за инспекциски надзор, со соодветни софтверски алатки вградени во него**“ (според член 6 став 1 од Правилникот), како и **воведување на регистрите и евиденциите од страна на други државни органи и институции** со цел размена на истите (според член 6 став 2 од Правилникот), во 2020 г. согласно со член 32 став (1) од Законот за инспекциски надзор, требаше да биде подготвена методологија за проценка на ризик за инспекциски надзори во областа на културата, што се во надлежност на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, но истото порадо вонредната состојба во државата не е реализирано. Имено, според член 32 од Законот за инспекциски надзор предвидено е дека проценката на ризик се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциска служба, односно во текот на 2020 година, а коешто поради горенаведените причини не беше направено.

Така, во 2020 г. имајќи ја вонредната состојба предизвикана од вирусот COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), како и задолженијата, препораките и мерките донесени од страна на Владата на РСМ, со цел превенција од ширење на болеста COVID-19 и уредбите со законска сила за применување на Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ“ бр. 90/20 и 156/20), и спроведувањето на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2020 г., беше одложено и поради тоа не беа создадени услови за спроведување, ниту на специјализирани обуки на инспектори за култура во 2020 година.

Оттука, како и за 2020 година, анализа на проценката на Министерството за култура од ризик за непримeнување по материјалните законски и подзаконски прописи од

областа на културата (вкупно: 8 закони), од страна на субјектите на инспекцискиот надзор и тежината на штетните последици кои можат да произлезат од вршењето на дејноста, е заснована врз состојбата, утврдена од инспекциските надзори извршени во текот на 2019 г., заклучно со третиот квартал од 2020 г., од страна на инспекторите при Секторот за управен и инспекциски надзор, како и од другите инспекциски служби (преку размена на податоци и искуства и јавни објави), во сите дејности од областа на културата.

Воедно, поради неусогласените материјални закони од областа на културата, во делот на прекршочните одредби, а кои според законската обврска требало да се извршат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за прекршоците („Сл. весник на РСМ“ бр. 96/19 од 17.5.2019 г.), како и поради неусогласеноста со новиот Закон за инспекциски надзор, утврден е ризик во смисла на несоодветен надзор над примена и санкционирање согласно со материјалните закони.

Со исклучок на Законот за културата, којшто е системски пропис од културата, во собраниската процедура, подолг временски период поради вонредната состојба, но и поради предвремените парламентарни и претседателски избори се изменувања и дополнувања на останатите материјални закони од областа на културата, односно усогласувања во делот на одредбите кои се однесуваат на прекршочните санкции. Воедно, во првиот квартал од 2021 г., би требало да биде усвоен и нов Закон за остварување на јавниот интерес во културата, со што ќе престане да важи Законот за културата од 1998 година. Недонесувањето на нов Закон за остварување на јавниот интерес во културата, во услови кога постојниот Закон за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18)**,** како основен закон со кој се уредуваат субјектите и облиците на остварувањето на културата, начинот и условите на нејзиното финансирање, како и други релевантни прашања од интерес за културата, не е усогласен со новиот Закон за прекршоците, претставува ризик во смисла на несоодветен надзор над негова примена и санкционирање по истиот.

Понатаму, во претходниот временски период утврдено е подобрување на состојбите кај одредени дејности (како издавачка, библиотечна и музејска дејност, со одделни исклучоци), што се должи на повеќе фактори. Додека, претпоставки се дека ризик во неприменувањето на законите од областа на културата во 2021 г., постои кај корисници на средствата од Буџетот на РСМ, односно кај физичките лица (уметници) и правните лица, што се финансираат со средствата од Буџетот на РСМ, преку МК, како и кај дел од националните установи и тоа вооглавно поради недостиг на соодветен стручен кадар (особено во областа на заштита на културното наследство, односно дејностите - заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители и музејска дејност), и поради COVID-пандемијата на недостиг на потребните финансиски средства за доследна примена на законските и подзаконските прописи (евиденција на движното културно богатство и преземање мерки за неговата превентивна и трајна заштита), а во одредени случаи нецелосна или делумна нереализација на финансираните проекти/програма и трошење над одобрените и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК од страна на одделни корисници, како и преземање на обврски над одобрените средства од Буџетот на РСМ, преку МК.

Воедно, имајќи ја предвид состојбата во 2020 г., предизивикана од болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), поголем дел од проектите, односно програмите од национален интерес во културата за 2020 г., за коишто беа одобрени и делумно авансно преведени средства од Буџетот на РСМ, преку МК воопшто не беа реализирани, а дел од истите беа дури и откажани. Истата состојба со нереализирани проекти е и кај другите корисиници на средствата од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура

Оттука, проценето е дека поради среден или висок степен на ризик има потреба за вршење зачестени редовни и вонредни инспекциски надзори од аспект на примена на Законот за културата кај одредени национални установи, со поголем прилив на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК (за програмата од 2019 г.), но како и за 2020 година поради прогласената вонредна состојба на територијата на РСМ со цел превенција од ширење на болеста COVID-19, може во значителна мерка да влијае на состојбите со проценетите ризици за 2021 година**.**

Организација и раководење

Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на Министерството за култура, ги вршат инспектори за култура при организационата единица – Сектор за управен и инспекциски надзор (**во натамошниот текст: СУИН на МК и Сектор**). Работата во Секторот е организирана во 2 одделенија (Одделение за инспекциски надзор и Одделение за управен надзор и контрола над наменското користење на буџетски средства), со 12 систематизирани работни места и вкупно 13 извршители**,** од кои моментално 5 (пет) работни места се пополнети со вкупно 6 (шест) извршители и тоа: раководител на Сектор – главен инспектор (дипл. правник), 2 виши инспектори (од кои еден дипл. правник и еден дипл. економист), 1 советник – инспектор (дипл. економист), еден соработник за обработка на податоци во функција на надзор – помошник инспектор (дипл. правник), и еден извршител - самостоен референт за техничка обработка на документација (ССП), со работни задолженија во однос на надлежноста на СУИН на МК во вршењето на инспекциски надзори, односно водење на инспекциска евиденција, архивирање и други административни задачи.

Согласно со член член 31 став (4) ал. 2 и член 33 од новиот Закон за инспекциски надзор, предвидено е директорот, односно раководителот на инспекциската служба од член 26 од законот, да донесе Годишен план за работа на инспекциската служба, којшто во законски предвидениот рок, односно најдоцна до 15. ноември, треба да биде доставен на согласност до Инспекцискиот совет на РСМ, во електронска и хартиена форма.

Раководниот инспектор, во 2021 година, покрај вршење инспекциски надзори, како и организирање, координирање и насочување на работата со Секторот; распоредување на задачите на извршителите и давање упатства за нивно спроведување, предлагање и подготвување месечен план за работа и грижа за негово реализирање, надзор над реализација на програмата, стручно обработување на прашањата од надзорен карактер во областа на културата, преписка со Инспекцискиот совет на РСМ, ОЈО, Народен правобранител на РСМ, Државната комисија за спрекување на корупцијата, судски органи и други органи на државната управа (за барања на податоци, мислења и појаснувања упатени до СУИН на МК, но и до другите сектори во МК), мислења по

законски и подзаконски прописи од областа на културата, произнесувања по новинарски прашања, претставки, барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и друго, ќе врши и преписка со Државното правобранителство на РСМ.

Имено, согласно со Решението бр. 44-7916/1 од 29.7.2020 г., донесено од поранешниот заменик – министерот за култура и новото Решение бр. 44-10269/1 од 7.10.2020 г., донесено од сегашната министерка за кутура, раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор за култура е определена и за одговорно службено лице во МК за водење на предмети и вршење на работи за одговорно службено лице за комуникација по предмети кои произлегуваат од надлежност на Државното правобранителство на РСМ, што во иднина негативно ќе влијае на вкупната бројка на инспекциски надзори, особено надзори со повисок коефициент на сложеност, а поради што е намален и планираниот број на инспекциски надзори во Годишиот план за работа на Секторот за 2021 г., покрај можните компикации од болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС).

При тоа, дел од работните задачи, како што се, пред се преписка со Инспекцискиот совет и други органи на државната управа, по можност ќе биде распоредувана на другите раководни инспектори-виши инспектори и инспектори.

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Сектор за управен и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Табела 1: Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор во 2021 година, по вид, возраст и звање

Вид	**Инспектор за култура** [вид 1]						Инспектор за [вид 2]						Инспектор за [вид n]						Вкупно инспектори					
Ниво-Звање/Возраст	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно	<30 г.	31-40 г.	41-50 г.	51-60 г.	>60 г.	Вкупно
Б1 – генерален инспектор						0						0						0	0	0	0	0	0	0
Б2 – главен инспектор				1		1						0						0	0	0	0	0	0	0
Б3 – пом. главен инспектор						0						0						0	0	0	0	0	0	0
Б4 – виш инспектор			1	1		2						0						0	0	0	0	0	0	0
В1 – советник инспектор			1			1						0						0	0	0	0	0	0	0
В2 – самостоен инспектор						0						0						0	0	0	0	0	0	0
В3 – помошник инспектор*		1				1						0						0	0	0	0	0	0	0
В4 – помлад инспектор						0						0						0	0	0	0	0	0	0
Вкупно	0	1	2	2	0	5	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Табела 2. План за нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2021 година

Вид	Инспектор за култура [вид 1]			Инспектор за [вид 2]			Инспектор за [вид n]			Вкупно инспектори		
Ниво-Звање/Возраст	Враб.	Пенз.	Разлика	Враб.	Пенз.	Разлика	Враб.	Пенз.	Разлика	Враб.	Пенз.	Разлика
Б1 – генерален инспектор			0			0			0	0	0	0
Б2 – главен инспектор			0			0			0	0	0	0
Б3 – пом. глав. инспектор			0			0			0	0	0	0
Б4 – виш инспектор			0			0			0	0	0	0
В1 – советник инспектор			0			0			0	0	0	0
В2 – самостоен инспектор			0			0			0	0	0	0
В3 – помошник инспектор			0			0			0	0	0	0
В4 – помлад инспектор			0			0			0	0	0	0
Вкупно	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0

Инспекциски надзор

Како ризични подрачја, кои ќе бидат предмет на инспекциските надзори во 2021 г. од областа на културата се дефинирани **дејностите за објавување на дела од областа на уметничкото творештво и заштита и користење на материјалното движно и недвижно творештво, односно културното богатство** (субјекти на надзорот-национални установи, коишто вршат музичка дејност, сценско-уметничка дејност, фолклорна и сценско – уметничка дејност, драмска дејност, театарска дејност, визуелни уметности, архитектура и дизајн, заштита на движно и недвижно културно наследство и издавачка дејност), **и тоа приоритетно од аспект на примена на одредбите од Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18)**, како системски пропис од областа на културата.**

Имено, од аспект на наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку МК согласно со годишната програма за финансирање на проекти/програма од национален интерес во културата во сите дејности, не само за тековната 2020 г., туку и за 2019 г., при тоа имајќи ја предвид состојбата предизивикана од болеста COVID-19, поголем дел од проектите, односно програмите од национален интерес во културата за 2020 г., за коишто беа одобрени и делумно авансно преведени средства од Буџетот на РСМ, преку МК воопшто не беа реализирани, со преостанати обврски на МК дури за проекти/програма од 2019 г. кон одделни национални установи, како и во случај на превземање обврски над одобрените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, но и од аспект на исполнување на останатите обврски по истиот Закон (доставување до МК на извештаи за финансиско работење и за остварување на годишната програма, донесување на нацрт и годишна програма за работа, работата на управните одбори, споведување постапки за аудиција при вработување на уметници-даватели на јавни услуги во културата и друго), планирано е вршење **редовни инспекциски надзори кај дел од националните установи од областа на културата на целата територија на РСМ, што се основани од државата** (центри за култура, библиотеки, театри, музеи, заводи и други).

Според евиденцијата на СУИН на МК, во последните две до три години, кај планираните правни субјекти – националчни установи не се вршени инспекциски надзори по основ на овој закон или се вршени вонредни надзори (по поднесени иницијативи), но поради одделни причини - застои во работата, ненамирени обврски, нереализирани проекти, промени на директори и слично, има потреба и во 2021 г. од вршење редовни инспекциски надзори. Национални установи, што ќе бидат субјекти на надзорот во 2021 г., се установите планирани со Годишниот план за работа на СУИН на МК за 2020 г., од причина што во текот на 2020 г., од објективни причини не можеа да бидат извршени инспекциските надзори (забелешка: со исклучок на една установа, во која што во м. ноември е извршен планираниот редовен надзор), како и една национална установа дополнително планирана со овој Годишен план за работа, во однос на програмата за 2019 година.

Имено, имајќи ги предвид заклучоците, меѓудругото почнувајќи од 16-та седница, одржана на 11.3.2020 г., односно задолженијата, препораките и мерките донесени од Владата на РСМ, со цел превенција од ширење на болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), за прекинување со работата на библиотеките, студентските и ученичките домови на територијата на РСМ, за **забрана на масовни собири и настани на отворен и затворен простор, како и сите културни настани и манифестации на територијата на РСМ со над 1.000 учесници и други мерки,** а вработените лица во библиотеките да бидат ослободени од работа во периодот на вонредната состојба, а и другите национални установи од областа на културата (како што се заводи, музеи, галерии, театри, концертни сали и други), подолг временски период не беа отворени за посетители во времето на вонредната состојба во државата или работеа во смени и со ограничено работно време и чиишто вработени користеа оправдано отсуство по повеќе основи**,** исто така беа опфатени со мерките на Владата на РСМ (посебни категории: бремени жени, мајки со деца до 10 годишна возраст и деца со предучилишна возраст/градинки и хронично болните), а за што беа донесени и **ПРОТОКОЛОТ бр. 31 за работа на библиотеки, музеи, галерии и изложбени простори и утврдените основни превентивни мерки за заштита и ПРОТОКОЛОТ бр. 33 за начинот и условите за организација на настани, со којшто се опфатени кината, театрите, балетските претстави, оперските претстави, филмските проекции, концертите, мултимедиските проекти, фестивалите и манифестациите од дејноста на културата, а не се опфатени приватните веселби,** како и протоколите, донесени од страна на одделни национални установи. Воедно, согласно со заклучоците, донесени од Владата на РСМ, физичките и правните лица што не ги почитувааа и кои ги прекршуваа препораките можеа да бидат казнети согласно со членовите 205 и 206 од Кривичниот законик.

Додека, кај локалните установи (општинско-градски, основани од единиците на локалната самуправа, на целата територија на РСМ, што се регистрирани за вршење на дејности од областа на културата, од аспект на наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку МК и за што со локалните установи се склучени договори за учество во финансирање проекти од национален интерес (особено поради досегашните мали износи на одобрените буџетски финансиски средства преку МК и одобрените за програмата 2020 г., вооглавно за библиотечната дејност), планирано е да бидат вршени само вонредни инспекциски надзори (по службена должности или врз основа на поднесена иницијатива, како и по писмен налог или наредба согласно со Закон).

Како второто ризично подрачје коешто е планирано да биде предмет на инспекциски надзори во 2021 г., исто така е **од аспект на примена на одредбите од Законот за културата и тоа стриктно само за наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура и доставување на соодветни извештаи за реализација на проекти**, **но кај приватни правни лица (издавачки куќи, фестивали, ансамбли, манифестации, здруженија на граѓани, ...), и физички лица (уметници),** чие работење подлежи на надзор согласно со прописите од областа на културата, за работи од културата**.**

Покрај избраните 15 правни лица за вршење редовни надзори во 2021 г., другите правни и физички лица (уметници), корисници на средствата од Буџетот на РСМ, прреку МК ќе бидат определувани дополнително, односно во текот на 2021 г., врз основа на поднесени иницијативи до СУИН на МК од страна на надлежните сектори во МК, преку коишто се врши финансирање и надзор над реализација на проектите (Сектор за заштита на културното наследство, Сектор за дејностите од областа на културата и уметноста, Сектор за издавачката дејност, Сектор за меѓународна соработка и УНЕСКО и Сектор за ЕИ), како и од други правни и физички лица (по службена должност), и по налог на министерот за култура. Имено, имајќи предвид дека согласно со член 66 од Законот за културата, проектите финансирани со средства од Буџетот на РСМ, преку МК кај поголем дел од корисниците, се уште не се завршени или се во тек, особено имајќи ја предвид вонредната состојба поради COVID-19 (КОРОНА ВИРУСОТ), односно истите се **со обврска за реализирањедо крајот на 2020 г.**, се уште не може да се утврди кај кои правни и физички лица и во кои региони/општини ќе има потреба да бидат извршени вонредни инспекциски надзори во 2021 г. од аспект на примена на член 68 од Законот за културата. Имено, и покрај циркуларниот допис до горенаведените сектори на МК, со барање за достава на предлози за вршење инспекциски надзори во 2021 година, до сега до СУИН на МК не е доставен, ниту еден предлог за вршење инспекциски надзори, со образложение дека поради вонредната состојба и од таа причина намалениот Буџет на Министерството за култура за 2021 г., за дел од корисниците со реализирани проекти или не се доисплатени или воопшто исплатени одобрените средства од Буџетот на АРСМ, не само за 2020 г., туку и за 2019 година.

Покрај горенаведеното (приоритетно) подрачје, односно вршење инспекциски надзори од аспект на примена на Законот за културата кај национални установи и кај други субјекти-корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК, како третото ризично подрачје се утврдени други подрачја во областа на културата (особено заштита и користење на материјалното недвижно/движно и духовното творештво - културно богатство и издавачка дејност,), при што кај дел од националните установи и други правни и физички лица, покрај вршење на редовни (најавени) надзори и контролни надзори (во врска со надзорите извршени исклучиво во текот на 2020 г.), ќе бидат вршени и вонредни инспекциски надзори (по службена должности или врз основа на поднесени иницијативи, како и по писмен налог или наредба согласно со ЗИН), и тоа од аспект на примена на **Законот за библиотеките („Сл. весник на РМ" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), Законот за музеите („Сл. весник на РМ" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16), Законот за филмската дејност („Сл. весник на РМ" бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 и 11/18), Законот за употребата на македонскиот јазик („Сл. весник на РМ" бр. 5/1998, 89/2008, 116/10, 187/13, 152/15, 192/15 и 193/17), Законот за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15), и Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Сл. весник на РМ" бр. 66/04, 89/08 и 152/15).**

При тоа, со Годишниот план за работа за 2021 г. избрани се вкупно 14 правни лица, над чиешто работење ќе бидат извршени редовни надзори од аспект на примена на

Законот за музеите (вкупно: 5), Законот за библиотеките (вкупно: 4), и Законот за издавачката дејност (вкупно: 5, со напомена дека согласно со Годишниот план за работа на СУИН за 2020 г., се извршени вкупно 20 инспекциски надзори), како и подзаконските прописи, донесени врз основа на овие два материјални закони.

Додека, од аспект на примена на останатите материјални законски прописи од областа на културата планирано е вршење на вонредни инспекциски надзори имајќи ги предвид предлог-измените на одделни закони, ограничен број на субјекти, но и поради тоа што во 2021 г. ,се очекуваат иницијативи за вршење вонредни инспекциски надзори од аспект на примена на Законот за културата. Додека, од аспект на примена на Законот за аудиовизуелните добра добра („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08, 47/11, 51/11 и 154/15, 39/16 и 220/18); по којшто не се очекува вршење на инспекциски надзори поради постоење на само една (матична) установа од оваа област – НУ - Кинотека на РСМ -Скопје, во којашто во претходен период се вршени инспекциски надзори,

Табела 3: Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2021 година, по региони и општини

Ред. бр.	Регион/општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилн.
		Редовен надзор	Вонред. надзор	Контрол. надзор		
	Вардарски регион	**1**	**0**	**0**	**1**	**1**
1	Велес	0	0	0	0	0
2	Градско	1	0	0	1	1
3	Демир Капија	0	0	0	0	0
4	Кавадарци	0	0	0	0	0
5	Лозово	0	0	0	0	0
6	Неготино	0	0	0	0	0
7	Росоман	0	0	0	0	0
8	Свети Николе	0	0	0	0	0
9	Чашка	0	0	0	0	0
	Источен регион	**3**	**0**	**0**	**3**	**2**
10	Берово	0	0	0	0	0
11	Виница	0	0	0	0	0
12	Делчево	0	0	0	0	0
13	Зрновци	0	0	0	0	0
14	Карбинци	0	0	0	0	0
15	Кочани	1	0	0	1	1
16	Македонска Каменица	0	0	0	0	0
17	Пехчево	0	0	0	0	0
18	Пробиштип	0	0	0	0	0

Ред. бр.	Регион/општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилн.
		Редовен надзор	Вонред. надзор	Контрол. надзор		
19	Чешиново	0	0	0	0	0
20	Штип	2	0	0	2	1
	Југозападен регион	**6**	**1**	**4**	**11**	**5**
21	Вевчани	0	0	0	0	0
22	Дебар	0	0	0	0	0
23	Дебарца	0	0	0	0	0
24	Кичево	3	0	1	4	2
25	Македонски Брод	0	0	0	0	0
26	Охрид	2	1	2	5	2
27	Пласница	0	0	0	0	0
28	Струга	1	0	1	2	1
29	Центар Жупа	0	0	0	0	0
	Југоисточен регион	**2**	**2**	**0**	**4**	**3**
30	Богданци	0	0	0	0	0
31	Босилово	0	0	0	0	0
32	Валандово	0	0	0	0	0
33	Василево	0	0	0	0	0
34	Гевгелија	2	0	0	2	1
35	Дојран	0	0	0	0	0
36	Конче	0	0	0	0	0
37	Ново Село	0	0	0	0	0
38	Радовиш	0	0	0	0	0
39	Струмица	0	2	0	2	2
	Пелагониски регион	**4**	**0**	**3**	**7**	**4**
40	Битола	2	0	1	3	2
41	Демир Хисар	0	0	0	0	0
42	Долнени	0	0	0	0	0
43	Кривогаштани	0	0	0	0	0
44	Крушево	2	0	2	4	2
45	Могила	0	0	0	0	0
46	Новаци	0	0	0	0	0
47	Прилеп	0	0	0	0	0
48	Ресен	0	0	0	0	0
	Полошки регион	**3**	**9**	**1**	**13**	**9**
49	Боговиње	0	0	0	0	0
50	Бревеница	0	0	0	0	0
51	Врапчиште	0	0	0	0	0
52	Гостивар	1	2	1	4	2
53	Желино	0	0	0	0	0

Ред. бр.	Регион/општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилн.
		Редовен надзор	Вонред. надзор	Контрол. надзор		
54	Јегуновце	0	0	0	0	0
55	Маврово и Ростуша	0	0	0	0	0
56	Теарце	0	0	0	0	0
57	Тетово	2	7	0	9	7
	Североисточен регион	**1**	**0**	**1**	**2**	**2**
58	Кратово	0	0	0	0	0
59	Крива Паланка	0	0	0	0	0
60	Куманово	1	0	1	2	2
61	Липково	0	0	0	0	0
62	Ранковце	0	0	0	0	0
63	Старо Нагоричане	0	0	0	0	0
	Скопски регион	**9**	**13**	**17**	**39**	**19**
64	Аеродром	2	0	5	7	2
65	Арачиново	0	0	0	0	0
66	Бутел	0	0	0	0	0
67	Гази Баба	0	0	0	0	0
68	Ѓорче Петров	0	0	0	0	0
69	Зелениково	0	0	0	0	0
70	Илинден	0	0	0	0	0
71	Карпош	0	0	0	0	0
72	Кисела Вода	0	0	5	5	0
73	Петровец	0	0	0	0	0
74	Сарај	0	0	0	0	0
75	Сопиште	0	0	0	0	0
76	Студеничани	0	0	0	0	0
77	Центар	6	3	5	14	9
78	Чаир	1	10	2	13	8
79	Чучер-Сандево	0	0	0	0	0
80	Шуто Оризари	0	0	0	0	0
	ВКУПНО	**29**	**25**	**26**	**80**	**45**

*****Забелешка: Правните и физичките лица, над чиешто работење ќе бидат вршени вонредни и контролни инспекциски надзори од аспект на примена на материјалните закони од областа на културата, прецизно ќе бидат утврдени дополнително во текот на 2021 година, при што со месечните планови за работа на СУИН на МК ќе бидат допрецизирани и региони/општини, во коишто е лоциран објектот, кој е предмет на инспекциски надзор. При определувањето на минималните квантитативни цели за

2021 г., односно бројот на вонредни и контролни надзори, како и неправилности, предвид е земан вкупниот број на извршени вонредни и контролни надзори и изречени управно – надзорни мерки во 2020 година, значително намалени во однос на претходните години поради состојбата со КОРОНА ВИЕУСОТ, како и постојниот број на инспектори за култура (вкупно 5, од кои еден помошник - инспектор).

**Забелешка: Детален план на минимални квантитативни цели за 2021 г., се прикажани во следниов табеларен преглед:

Ред. бр.	**Закон/подзаконски акти, кои ќе бидат предмет на инспекцискиот надзор**	**Број на инспекциски надзори**	**Број на очекувани откриени неправилности по ризични подрачја во 2021 г.**		
			Постапки за порамнувања, со издавање прекршочен платен налог	**Прекрш. барања**	**Други инсп. мерки (решенија со наредба/ опомена)**
1.	Закон за културата- **национални установи, како субјекти на надзорот**	-15 редовни надзори (Q 5) -10 контролни надзори (Q 4) -5 вонредни надзори (Q 4) Вк. 30	5	-	10
2.	Закон за културата- **други правни и физички лица, како корисници на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК**	-20 вонредни надзори (Q 3) -10 контролни надзори (Q 2) Вк. 30	5	5	15
3.	Други посебни прописи (Закон за музеите-вк. 5, Закон за библиотеките-вк. 4 и Закон за издавачката дејност-вк. 5)	-14 редовни надзори (Q 3 и 4) -6 контролни надзори (Q 2 и 3) Вк. 20	**-**	**-**	5
	Вкупно надзори:	**80**	**10**	**5**	**30**

Редовни инспекциски надзори, од аспект на примена на Законот за културата во национални установи од областа на културата, се прикажани во следниов табеларен преглед:

Ред. бр.	Назив на субјектот на инспекциски надзор
1.	НУ-Македонски народен театар-Скопје, општина Центар
2.	НУ-Археолошки музеј на Македонија-Скопје, општина Центар
3.	НУ -Национален конзерваторски центар-Скопје, општина Чаир
4.	НУ-Национална опера и балет-Скопје, општина Центар
5.	НУ за управување со археолошкиот локалитет Стоби-Градско
6.	НУ- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид
7.	НУ-Фестивал „Охридско лето“-Охрид
8.	НУ -Центар за култура-Битола
9.	НУ- Центар за култура „Трајко Прокопиев“-Куманово
10.	НУ-Музеј на Западна Македонија-Кичево
11.	НУ-Центар за култура „Кочо Рацин“-Кичево
12.	НУ-Музеј „Др. Никола Незлобински“-Струга
13.	НУ-Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“-Штип
14.	НУ- Центар за култура „Бели мугри“-Кочани
15.	НУ- Центар за култура АСНОМ-Гостивар

Редовни инспекциски надзори, од аспект на примена на Законот за музеите, во национални установи, се прикажани во следниов табеларен преглед:

Ред. бр.	Назив на субјектот на инсп. надзор
1.	НУ-Музеј Западна Македонија во НОВ-Кичево
2.	НУ -Музеј на тетовскиот крај-Тетово
3.	НУ-Историски музеј-Крушево
4.	НУ-Спомен куќа Тодор Проески-Крушево
5.	НУ-Музеј-Гевгелија

Редовни инспекциски надзори, од аспект на примена на одредбите од Законот за библиотеките, во национални и локални установи (општинско-градски), се прикажани во следниов табеларен преглед:

Ред. бр.	Назив на субјектот на инсп. надзор
1.	НУ- Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Битола
2.	НУ- Универзитетска библиотека „Гоце Делчев “-Штип
3.	ЈОУ-Библиотека „Гоце Делчев“-Гевгелија
4.	НУ-Библиотека „Кочо Рацин“-Тетово

Редовни инспекциски надзори, од аспект на примена на одредбите од Законот за издавачка дејност, се прикажани во следниов табеларен преглед:

Ред. бр.	Назив на субјектот на инсп. надзор
1.	Издавачка куќа „ ХЕРОИ“-Скопје, општина Центар
2.	Издавачка куќа „ТРИМАКС“-Скопје, општина Аеродром
3.	Издавачка куќа „ПНВ ПУБЛИКАЦИИ“-Скопје, општина Аеродром
4.	Издавачка куќа „ МЕТАНОЈА“-Скопје, општина Центар
5.	Издавачка куќа „ЕДУКА МАК“-Скопје, општина Центар

Обука на инспекторите и административните службеници

Годишната програма за специјализирана обука на инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на МК за 2021 година бр. 57-10112/1 од 2.10.2020 г. **и** Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за 2021 година бр. 57-10112/2 од 2.10.2020 г..се донесени во законски предвидениот рок согласно со член 50 став (1) од Законот за инспекциски надзор, а врз основа на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2021 година бр. 01-712/2 од 10.9.2020 г., донесена од Инспекцискиот совет.

Но, имајќи ја вонредната состојба предизвикана во 2020 г. од вирусот COVID-19, како и задолженијата, препораките и мерките донесени од Владата на РСМ, со цел превенција од ширење на болеста COVID-19 и уредбите со законска сила за применување на Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ“ бр. 90/20 и 156/20), спроведувањето на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2020 г., беше одложено и поради тоа не беа создадени услови за спроведување, ниту на специјализирани обуки во 2020 година. Имено, со донесените уредби со законска сила за применување на Законот за инспекциски надзор, полагањето на испитот за стекнување на инспектор со лиценца, спроведување на обуките за стекнување на инспектор со лиценца, како и стручното усовршување и обука на инспекторите за време на траење на вонредната состојба, беше одложено за време на траењето на вонредната состојба, како и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31.8.2020 година.

Буџет и финансирање

Секторот за управен и инспекцикси надзор, како организациска единица во рамките на Министерството за култура, задолжена за вршење инспекциски надзор над примената на законите и другите подзаконски прописи од областа на културата (во моментов: вкупно 8 закони), нема сопствен буџет, туку платите и другите расходи ќе се намируваат од средствата од Буџетот на РСМ за 2021 година, наменети за работата

на Министерството за култура, при што потребните средства за инспекторите за култура, ќе бидат предвидени во рамките на Буџетот за 2021 година.

Меѓународна соработка

За 2021 година, во рамките на надлежностите на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура, не се планирани активности/проекти во областа на меѓународна соработка (усогласувања со директивите на ЕУ и слично).

Други активности на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура во 2021 година

Со цел обезбедување соодветна поддршка за навремена реализација на Планот за работа за 2021 година и зголемување на ефикасноста на инспекцискиот надзор на целата територија на РСМ, во СУИН на МК покрај извршените унапредувањата на дел од постојниот кадар или нови вработувања/спогодбени преземања на државни службеници, односно прераспоредувања од редот на постојните вработени во Министерството за култура, вработените во Секторот имаат потреба од стручни обуки, особено од аспект на примена на одредбите од ЗИН, ЗОУП и ЗП, како и набавка на техничка опрема (лаптоп и скенер), како и потреба од уште едно возило (забелешка: службеното моторно возило има потреба од постојано сервисирање, а од септември 2016 г. до септември, 2018 г., Секторот немаше возило во возна состојба).

Во врска со обврската од член 70 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19), за изработка на „листи за проверка“, односно чек-листи со прашањата за проверка по материјалните закони, а во согласност со Упатството на Инспекцискиот совет на РСМ за креирање и пополнување на листи за проверка за законски акти кои се во надлежност на инспекциските служби, од страна на СУИН на МК во текот на 2019 г., веќе се изработени листите за проверка (*целосни и скратени верзии*), за 8 (осум) материјални закони од областа на културата и истите се објавени на веб-страната на Министерството за култура, а исто така согласно со обврската од член 65 став (1) од Законот за инспекциски надзор донесена е и новата Одлука за утврдување на пет коефициенти на сложеност на инспекциски надзор во областа на културата, како *и* програмата за практична работа и обука на инспектор за стекнување со лиценца и програма за испит за лицнеца за инспектор-практичен дел, подготвени од страна на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК согласно со обврската од член 42 став (6) и член 43 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

Раководител на Сектор,

Сабина Синан

Доставено до: Инспекциски совет на РСМ, Скопје

Во врска со обврската од член 70 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19), за изработка на „листи за проверка“, односно чек-листи со прашањата за проверка по материјалните закони, а во согласност со Упатството на Инспекцискиот совет на РСМ за креирање и пополнување на листи за проверка за законски акти кои се во надлежност на инспекциските служби, од страна на СУИН на МК во текот на 2019 г., веќе се изработени листите за проверка (*целосни и скратени верзии*), за 8 (осум) материјални закони од областа на културата и истите се објавени на веб-страната на Министерството за култура, а исто така согласно со обврската од член 65 став (1) од Законот за инспекциски надзор донесена е и новата Одлука за утврдување на пет коефициенти на сложеност на инспекциски надзор во областа на културата, како *и* програмата за практична работа и обука на инспектор за стекнување со лиценца и програма за испит за лицнеца за инспектор-практичен дел, подготвени од страна на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК согласно со обврската од член 42 став (6) и член 43 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

Раководител на Сектор,
С. Синан
Сабина Синан

Доставено до: Инспекциски совет на РСМ, Скопје